**Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД**
**Бр. 02- 1701/05**
**27.05.2021 година**
**Скопје**

Врз основа на член 56 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, и член 487 став 1, 2 и 4 од Законот за трговски друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 27.05.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за исплата на дивиденда со дивиденден календар**

**Член 1**

Се одобрува исплата на дивиденда од акумулирана нераспределена оданочена добивка на Друштвото од минати години во бруто износ од 8.966.650 денари.

Дивидендата во бруто износ по акција ќе изнесува 550 денари.
Дивидендата ќе се исплатува во готово, на трансакциските сметки на акционерите.

**Член 2**

Датумите за исплата на дивиденда се утврдуваат по следниот дивиденден календар:

- Последен ден на тргување со право на дивиденда е 14.06.2021 година.
- Прв ден на тргување без право на дивиденда 15.06.2021 година.
- Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 16.06.2021 година

**Член 3**

Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, а најдоцна до 30.09.2021 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Годишно собрание на акционери**

**Претседавач**
**Елена Спиреска Кочевска**